*СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ДОСЕЛЕНИ ВО КАНАДА,* Д-р Блага Петроска, д-р Марија Ташева, д-р Нелко Стојаноски, м-р Зоран Матевски, Леонора Калајлиевска, Васил Плушкоски, *Филозофски факултет (Институт за социологија) - Скопје, 1995*

Општествената појава иселеништво е карактеристична за најголемиот број држави во светот, и секако е условена од низа економски, политички, социјални, па и верски причини и мотиви. Луѓето имаат потреба или понекогаш таа им е наметната да заминат во други држави каде што претпоставуваат оти ќе го реализираат својот сон.

Република Македонија гледано од историски аспект е карактеристична по печалбарството, односно заминување на овдешните луѓе во европските и прекуокеанските држави, пред сé од економски причини, но и со желба да се вратат и да го подигнат нивото на материјалниот стандард на своето семејство со изградба на куќа или започнување на одредена приватна дејност.

Студијата *„Семејниот живот на Македонците доселени во Канада“* изработена под раковотство на проф. д-р Блага Петроска, а во која учествуваат и д-р Марија Ташева, д-р Нелко Стојаноски, м-р Зоран Матевски, Леонора Калајлиевска и Васил Плушкоски од Институтот за социологија при Филозофскиот Факултет во Скопје е една од првите која прашањето за миграциите, односно иселеништвото кај македонското население го посматра од социолошки аспект. Студијата од печат излезе 1995 година, а истражувачкиот проект е реализиран пред неколку години при што се испитани преку 30 семејства од Република Македонија и Канада. Авторите при истражувањето тргнуваат од семејството како основна клетка на организирање на животот меѓу мажот и жената при што бараат да ги утврдат традиционалните и модерни содржини како во материјалната структура така и во општествената свест што се испреплетуваат и постепено се обединуваат.

Неспорно стои фактот дека за животот на Македонците иселеници во прекуокеанските земји многу малку се знае, а она што се претпоставува за нив главно се темели на извесни стереотипи дека преку ноќ се збогатуваат и многу лесно стекнуваат

богатство, а од друга страна се неуки селани или некои примитивци. Истражувачите, но не само тие, туку и научната јавност во Република Македонија како и иселениците бараат попродлабочено запознавање за секојдневниот живот за погледите, за ставовите и за аспирациите на Македонците иселеници.

Сознанијата до кои доаѓаат авторите на истражувачкиот проект *„Семејниот живот на Македонците доселени во Канада“* главно се добиени со примена на таканаречениот интегрален метод кој, пак, се базира на користењето разновидни дисциплини, извори и начини при проучувањето на дадената појава. Авторите заклучуваат дека семејствата на нашите иселеници во прекуокеанските земји се наоѓаат во процес на забрзани промени и под влијание на новите услови на живеење се создаваат претпоставки за прераснување на традиционалното, патријархалното семејство во едно ново современо семејство. Истовремено и желбата кај иселениците се состои во тоа да бидат интегрирани во севкупното канадско општество, но при тоа да не го загубат националниот идентитет и сите оние други карактеристики, доколку станува збор за втора или трета генерација, што ги имале нивните дедовци.

Кога се говори за семејствата на нашите иселеници и кога ќе се погледне начинот на нивното живеење, воспоставувањето на општествените односи, како и вредностите, ставовите и погледот на светот што го имаат, сосема е за очекување, како што и авторите утврдуваат, да постојат традиционални и модерни содржини што се испреплетуваат и постепено обединуваат. Конфликтот во таа насока можеме да го толкуваме и како иницијатор, двигател на позитивни промени, но и како деструктивен чин што го негира старото, а не носи ништо ново. Тој конфликт настанува меѓу вредностите како последица на многубројни, не само различни, туку и спротивни елементи на општествениот живот. И затоа се изразени во сферата на ставовите, аспирациите и очекувањата на членовите на семејствата, а не толку во фактичкото однесување. Авторите констатираат дека семејно-роднинската солидарност, како традиционален вид на солидарност и како израз на механичката солидарност е присутна меѓу нашите иселеници во голема мерка. Високата развиеност на канадското општество не трпи традиционални и патријархални односи и секоја општествена група, колку да е многубројна и моќна, доколку сака

да се интегрира во едно такво општество е принудена да ги менува таквите односи. Во која насока и со колкав квалитет ќе бидат изменети тие односи, многу повеќе зависи од карактеристиките на самите припадници. Промената се случува и како резултат од радикалната промена на еколошко–етнокултурно–социјално–политичкото опкружување на целокупниот семеен живот. Собраниот емпириски материјал, извршената анализа и добиените резултати ќе овозможат да се направат неопходни компарации и да се мери степенот на отстапување во однос на стариот и сегашниот семеен живот на доселениците, како и во однос на другите несловенски семејства во средината.

Во студијата авторите презентираат огромен емпириски материјал како што се фотографии, писма, статии во весници, лични искажувања, цртежи, плакати од одредени културни манифестации кои на сликовит начин ја дообјаснуваат сликата за Македонците иселеници во Канада. Најголемиот број сознанија истражувачите ги добиваат преку стандардизираното интервју составено од 149 прашања распоредени во 6 подрачја и тоа: општи податоци, склучување на бракот, односот на мажот и жената, односот меѓу родителите и децата, етничките особености и формалното дружење.

Добиените сознанија од начуниот труд *„Семејниот живот на Македонците доселени во Канада“* неоспорно ќе бидат добра основа не само за социолозите туку и за другите научни дисциплини за продлабочување и за откривање на нови процеси и појави карактеристични за Македонците иселеници во прекуокеанските земји.

**Славе Младеновски**